Согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик на НБРСМ („Службен весник на Република Северна Македонија бр.76/20 од 24.03.2020 година) и Уредбата со законска сила за начинот на промената на договорните услови на кредитните изложености кај банките и штедилниците (Службен весник на Република Северна Македонија бр.80 од 27.03.2020 година), со цел ублажување на последиците од пандемијата на COVID-19 и поддршка на сите свои клиенти - физички лица, Централна кооперативна банка АД Скопје на ден 03.04.2020 година, ја објавува следната

# ЈАВНА ПОНУДА од 03.04.2020 година

за промена на договорните услови на кредитните производи на клиентите на Банката – физички лица

## I. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА

Со објавување на известување за оваа ЈАВНА ПОНУДА на официјалната интернет страница на Банката www.ccbank.mk, истата се смета за формално доставена до сите клиенти на Банката - физички лица, корисници на кредитни производи.

## II. ОБЕМ НА ПОНУДАТА

**Централна кооперативна Банка АД Скопје** им нуди можност за промена на договорните условите на сите физички лица – клиенти на Банката кои се корисници на кредитни производи од Банката, а кои заклучно со 29.02.2020 година ги отплаќаат своите месечни обврски без доцнење односно се класифицирани во категорија на ризик буква А, Б или В и немаат статус на нефункционална кредитна изложеност.

Понудата опфаќа одложување на отплатата на сите кредитни изложености по кредити, кредитни картички и дозволени пречекорувања за период од 6 (шест) месеци, сметано од 13.04.2020 година и продолжување на рокот на крајното достасување за дополнителни 6 (шест) месеци.

Понудата по видови на производи со детални информации е како што следува:

## III. ПОНУДА ЗА КРЕДИТИ

Понудата се однесува за кредити кои се отплаќаат со еднакви месечни ануитети.

### Грејс период

Банката одобрува грејс период за отплата на 6 (шест) месечни ануитети (главница и камата), при што првиот нареден ануитет ќе доспее по 13.10.2020 год., на датумот на неговото доспевање согласно актуелниот амортизационен план.

### Пролонгирање на рокот на отплата

Крајниот рок на отплата на кредитот се продолжува за 6 (шест) месеци.

### Камата пресметана за време на грејс периодот

За цело времетраење на грејс периодот, Банката ќе пресметува камата по каматна стапка предвидена во Договорот за кредит. По истек на предвидениот грејс период од 6 (шест) месеци, редовната договорна камата пресметана во грејс периодот ќе биде во целост доспеана.
Наплатата на наведената камата во грејс периодот ќе се извршува од расположивите средства на ТРС на клиентот, а доколку нема расположиви средства ќе се наплати од дозволеното пречекорување на ТРС кое по автоматизам ќе се зголеми за истиот износ и/или од лимит на кредитна картичка. Доколку е надминат лимитот на кредитната картичка, Банката по автоматизам ќе го зголеми истиот за износот на каматата.
Во случаите каде што клиентот не користи дозволено пречекорување на ТРС и/или лимит на кредитна картичка, наплатата на достасаната камата пресметана за грејс периодот ќе биде договорно регулирана.

**Административна забрана**

За време на грејс периодот, административните забрани за наплата на обврските по кредитот ќе бидат ставени во мирување. Обврската за известување за ставање во мирување на административните забрани е на клиентите - физички лица кои ја прифатиле понудата за одложување и тие се должни да ги известат своите работодавци за мирување на активираните административни забрани. По истекот на периодот на одложување, истите се должни да ги известат работодавците да продолжат да постапуваат по административните забрани.

**Нов Амортизационен план за отплата**

По истекот на грејс периодот, Банката ќе продолжи со редовното достасување на ануитети по кредитот и ќе го извести корисникот на кредитот за новиот износ на ануитетот на начин предвиден во Договорот за кредит. Датумот до кој е предвидена примена на фиксни каматни стапки , останува ист како во актуелениот договор за кредит.

**Отплата на кредит во текот на грејс периодот**

Доколку корисникот на кредитот, во текот на грејс периодот изврши целосна отплата на кредитот, се применуваат одредбите предвидени во Договорот за кредит.

## IV. ПОНУДА ЗА КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ

**Грејс период**

Во периодот почнувајќи од 03.04.2020 заклучно со 30.09.2020 година износот на месечниот минимум за плаќање ќе изнесува 0% од искористениот кредитен лимит на крајот од месецот, односно нема да достасува месечен износ за плаќање.

**Висина на кредитен лимит**

Износот на одобрениот кредитен лимит нема да се намалува до 30.09.2020 година. Кредитните картички кои истекуваат во периодот од 03.04.2020 година до 30.09.2020 година, ќе бидат продолжени по автоматизам.

**Камата пресметана за време на грејс периодот**

Во грејс периодот Банката ќе пресметува и наплатува камата согласно одредбите предвидени во Договорот за користење кредитна картичка. За износот на пресметана и наплатена камата и редовни месечни надоместоци предвидени во Договорот, Банката ќе го зголеми износот на кредитен лимит и сметката нема да има третман на надминат кредитен лимит.

**Период на враќање во редовна отплата**

Почнувајќи од 01.10.2020 година, како основа за пресметката на минимален износ за плаќање предвиден во Договорот за кредитна картичка, ќе се користи долгот на сметката со состојба 30.09.2020 година.

**Уплати на кредитната картичка**

За време на грејс периодот може да се вршат уплати на кредитната картичка. Сите уплати на сметката на кредитната картичка извршени во грејс периодот, ќе се евидентираат како приливи на сметката и ќе бидат на располагање на корисникот за користење со картичката.

## V. ПОНУДА ЗА ДОЗВОЛЕНО ПРЕЧЕКОРУВАЊЕ НА ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

**Рок на користење на дозволеното пречекорување**

Рокот на користење на дозволеното пречекорување, Банката автоматски го продолжува.

**Одобрен износ на дозволено пречекорување**

Износот на дозволеното пречекорување нема да се намалува до 30.09.2020 година, без оглед дали на сметката стасува редовен месечен прилив.

**Камата**

Во периодот од 6(шест) месеци почнувајќи од 03.04.2020 година, Банката ќе пресметува и наплатува камата согласно одредбите предвидени во Договорот со кој е регулирано дозволено пречекорување. За износот на пресметана и наплатена камата и редовни месечни надоместоци, Банката ќе го зголеми износот на дозволеното пречекорување при што сметката нема да има третман на недозволен минус.

**По истек на рокот од грејс периодот,** ќе се применуваат редовните одредби предвидени во Договорот со кој е регулирано дозволеното пречекорување.

## VI.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА СИТЕ ВИДОВИ ПРОИЗВОДИ

### ПРИФАЌАЊЕ НА ПОНУДАТА

ПОНУДАТА ќе се смета за формално прифатена од страна на клиентот - физичко лице, доколку истата не е одбиена во рок од 10 дена од нејзиното објавување на официјалната интернет страница на банката www.ccbank.mk. Понудата се објавува на 03.04.2020 година, а последниот рок за нејзино одбивање е најдоцна до крајот на денот 12.04.2020 година.

Физичките лица кои ја ПРИФАЌААТ Понудата НЕ ИСПРАЌААТ никакво известување до Банката и договорните услови се сметаат за променети согласно оваа Понуда на 13.04.2020 година.

**Понудата не значи отпис или намалување на обврските по постоечките изложености на клиентите-физички лица**.

### ОДБИВАЊЕ НА ПОНУДАТА

ПОНУДАТА може формално да се одбие од страна на клиентиот најдоцна до 12.04.2020 година, **исклучиво преку**: испраќање на електронска порака на адресата ponuda@ccbank.mk или со

писмен допис до Банката пратен по пошта или доставен физички во некоја од деловните единици на банката или во седиштето на Банката во Скопје на ул. „1732„ бр.2 Скопје-Центар.

За одбивањето да биде формално прифатливо, електронската порака или дописот треба да содржи недвосмислена изјава за одбивање на понудата со текст „ЈА ОДБИВАМ ПОНУДАТА – Име и Презиме од------ (град)“.

Покрај изјавата, дописот мора да ги содржи и следните податоци:

1) датум на раѓање,
2) број на лична карта или пасош.

Друг вид понуди или електронски дописи во прашална форма, нема да се сметаат за формално одбивање на понудата. Клиентите-физички лица кои во дадениот рок до 10 дена ќе ја известат Банката дека ја одбиваат понудата**,** ќе продолжат да ги отплаќаат обврските по кредитните изложености редовно и без застој.
Доколку во било кој момент почнувајќи од 13.04.2020, а заклучно со 31.08.2020 клиентите-физички лица кои ја одбиле ПОНУДАТА се предомислат и решат истата да ја прифатат, истото можат да го направат со писмен допис до Банката, пратен по пошта или доставен физички во некоја од деловните единици на Банката или пак во седиштето во Скопје на ул.1732 бр.2 Скопје-Центар.

## ПРАВНО ДЕЈСТВО НА ПОНУДАТА

Правното дејство на променетите услови од договорите за кредит, дозволено пречекорување или кредитна картичка има важност и на целокупната договорна пропратна документација (амортизациони планови, трајни налози и друга документација), сите нотарски исправи и обезбедувања (договори за залог владетелски - невладетелски, меници, гаранции, договори за пристапување кон долг, и останати договори за какво било друго обезбедување), и тоа без склучување нови договори/анекси кон постоечките договори, нотарски исправи и останати инструменти на обезбедување, како и без да се врши промена на веќе запишаните податоци во јавните книги и регистри.

## УСЛОВ ЗА КУМУЛАТИВНОСТ

Понудата е неделива и важи само со кумулативно исполнување и прифаќање на сите погоре наведени услови за секој поединечен Договор за кредит, дозволено пречекорување или кредитна картичка.

## ДРУГИ ОДРЕДБИ

Сите останати договорни одредби од постоечките договори за кредити, дозволени пречекорувања или кредитни картички, кои не се опфатени во оваа понуда, остануваат во важност за цело времетраење на Договорот.

Банката нема да наплатува провизии и надоместоци за спроведување на одредбите од оваа понуда.

**Централна кооперативна банка АД Скопје**